Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 октомври 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа замениците на претседателот на Владата, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц.д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата.

На седницата не учествуваа, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДКАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, со усогласен текст на Меморандум

2. Предлог на закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, по скратена постапка

3. Прашања и предлози

4. Кадровски прашања

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДКАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, со усогласен текст на Меморандум и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДКАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор  за спроведување на „Програмата за реформи во безбедносниот и  разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2021-2026“.

Точка 2

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика и Софија Спасовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Точка 3

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

Точка 4

По оваа точка немаше предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**